МАКЕД. СТОМАТ. ПРЕГЛЕД VI, 1, 31–34, 1982

*Здравствен дом – Скопје*
*Стоматолошка служба*

# РАЗВОЈОТ НА ДЕТСКАТА ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ СКОПЈЕ

Тантуровски Ѓ.

*И покрај тоа што детската и превентивна стоматологија во десетгодишниот период во Здравствениот дом – Скопје има показатели на напредок, како во поглед на кадрите така и во поглед на извршените услуги, сé уште не можеме да бидеме задоволни од постигнатите резултати во работењето. Поголем дел од превентивците – стоматолози ги занемаруваат битните моменти, како: санирањето и на најмала кариозна лезија, лекувањето на почетните гингивити, како и раното откривање и санирање на забновиличните аномалии. Со навремено санирање на споменатите заболувања би се одбегнале честите посети на младите пациенти на клиниките за ендоденција, протетика и орална хирургија.*

Профилаксата на џвакалниот апарат кај децата и младината е дел од општата профилакса.[1 2]. За нејзино успешно спроведување е неопходна организирана стоматолошка заштита, однапред програмирана. Дејствувањето против забниот кариес, заболувањето на меките делови, како и ортодонтските аномалии се комплексен проблем, кој бара постојано ангажирање на стоматолошката служба за навремено откривање и адекватна санација, за да не дојде до одредени компликации кои понатаму водат кон појава на општествен и социјален проблем. Неоспорно е дека начинот на живеење и исхраната имаат големо влијание врз зголемувањето на овие заболувања, особено ако не се преземаат соодветни мерки на профилакса.[4] Со секојдневното зголемување на бројот на стоматолозите расте и бројот на терепеутите чија главна задача е превентивата. Оваа кадровска динамика не натера да го анализираме десетгодишниот период од 1971 до 1980 година, за да можат да се согледаат одредени достигнувања, а наедно и да се извлечат заклучоци за спроведувањето на поуспешна профилакса.

## Организација

Во текот на десетгодишниот период од 1971 до 1980 година, од интеграцијата на амбулантно-поликлиничката служба на град Скопје има виден напредок на стоматолошката служба, како во бројот на кадрите така и во опременоста на просториите и капацитетите. Паралелно, детската и превентивна стоматологија во Здравствениот дом – Скопје, кој го опфаќа целото градско и приградско

подрачје, доживува подем. Во наведениот период бројот на стоматолозите што работат на превентива се зголеми од 25 на 51. Поголем број од ординациите се сместени по училиштата, а со тоа е обезбедена поголема можност за систематски прегледи и санација на кариесот, меките делови и забновиличните аномалии кај најмладата популација. Стоматолошката заштита на предучилишните, училишните деца и младината во Здравствениот дом – Скопје се обезбедува преку три одделенија:

I Бит Пазар, II Центар, III Пролет

Во овие три одделенија има 25 работни единици, во кои работат 51 стоматолог, од кои 4 специјалисти педонтолози. Овој број обезбедува стоматолошка заштита на 177.500 деца и младинци на возраст од 1 до 19 години.

## Резултати и дискусија

Во десетгодишниот период од 1971 до 1980 година, бројот на стоматолозите видно се зголеми, при што е виден и напредокот во санирањето на заболувањата на џвакалниот апарат. За да ја видиме работата на стоматолозите во спомнатиот период приложуваме четири табели.

ТАБЕЛА 1 ПРЕГЛЕД НА КАДРИ И ИЗВРШЕНА ЗАБОЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА И УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО ПЕРИОД ОД 1971 – 1980 ГОД.

| ГОДИНА | 1971 | 1972 | 1973 | 1974 | 1975 | 1976 | 1977 | 1978 | 1979 | 1980 | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БР. НА ТЕР. | 25 | 51 | 51 | 49 | 49 | 49 | 50 | 50 | 50 | 51 | 71/80 |
| ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБ. | ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБТА | ОБИМ НА РАБТА | ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБОТА | ОБИМ НА РАБОТА | |
| ПОСЕТИ | 79.176 | 106,193 | 132,511 | 144,637 | 135,812 | 141,321 | 154,458 | 152,778 | 148,482 | 149,680 | 134,505 |
| ПЛОМБИ | 18.701 | 26,216 | 34,162 | 35,811 | 33,228 | 35,631 | 44,827 | 40,274 | 43,242 | 42,650 | 35,477 |
| ЛЕКУВАНИ ЗАБИ | 5.592 | 5.947 | 6.968 | 7.072 | 7.012 | 8,214 | 5.093 | 4,286 | 4,244 | 7,530 | 6,188 |
| ИЗВАДЕНИ ЗАБИ | 22.032 | 27.920 | 33.990 | 32.119 | 33.729 | 35.897 | 44.095 | 40.220 | 38.288 | 41.209 | 34.943 |
| ЛЕКУВАНИ МЕКИ ДЕЛОВИ | 7.422 | 8.340 | 9.727 | 10510 | 7.471 | 7.875 | 8.605 | 9.100 | 8.937 | 9870 | 8.786 |

Од табела 1 се гледа бројот на кадрите и извршените услуги на деца од предучилишна возраст во периодот од 1971 до 1980 година.

Од обемот на работата примарно согледување ни беше односот на пломбираните и извадените заби. Овој соодност во 1971 и 1972 година беше во корист на извадените заби, а во наредниот период 1:1. Овој однос резултира од големиот број екстрахирани заби од млечната дентиција. Иако се направени напори во Здравствениот дом околу зголемувањето бројот на стоматолозите превентивци, а тоа може да се види и од табелите, динамиката на вработување не е сразмерна со изминатиот период. Понатаму, бројот на предучилишните и училишните деца е голем во однос на стоматолозите превентивци, па тоа е една од причините што односот на извадените и пломбираните заби е 1:1. Иако се направени значајни чекори за подобрување на стоматолошката превентивна служба, сè уште не можеме да бидеме задоволни од она што значи систематска санација кај

ТАБЕЛА 2 СТРУКТУРА НА ДИНАМИКА НА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ ВО ПЕРИОД ОД 71-80 год. ИЗРАЗЕНИ ВО ПРОЦЕНТИ

| ГОДИНА | 1971 | 1972 | 1973 | 1974 | 1975 | 1976 | 1977 | 1978 | 1979 | 1980 | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОСЕТИ | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| ПЛОМБИ | 23,6 | 24,7 | 25,8 | 24,8 | 24,7 | 25,3 | 29,0 | 26,3 | 29,1 | 28,5 | 26,4 |
| ЛЕК. ЗАБИ | 7,1 | 5,6 | 5,3 | 4,9 | 5,2 | 5,8 | 3,2 | 2,8 | 2,8 | 5,0 | 4,6 |
| ВАД. ЗАБИ | 27,8 | 26,3 | 25,6 | 22,2 | 24,8 | 25,4 | 28,5 | 26,3 | 25,8 | 27,5 | 26,0 |
| ЛЕК. МЕКИ ДЕЛОВИ | 9,4 | 7,9 | 7,2 | 7,3 | 5,5 | 5,6 | 5,6 | 5,9 | 6,0 | 6,6 | 6,5 |

Од табела 2. се гледа структурата на динамиката на извршените услуги во периодот од 1971 до 1980 година, изразено во проценти.

ТАБЕЛА 3 ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ ПО ЕДЕН ТЕРАПЕУТ ВО ПЕРИОД ОД 1971-1980 г.

| ГОДИНИ | 1971 | 1972 | 1973 | 1974 | 1975 | 1976 | 1977 | 1978 | 1979 | 1980 | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БРОЈ НА ТЕРАПЕУТИ | 25 | 51 | 51 | 49 | 49 | 49 | 50 | 50 | 50 | 51 | 48 |
| ПОСЕТА НА 1 ТЕРАПЕУТ | 3167 | 2082 | 2598 | 2952 | 2772 | 2884 | 3089 | 3056 | 2970 | 2935 | 2802 |
| ПЛОМБ НА 1 ТЕРАПЕУТ | 748 | 514 | 670 | 731 | 678 | 727 | 897 | 805 | 865 | 836 | 739 |
| ЛЕКУВАЊЕ ЗАБИ НА 1 ТЕР. | 224 | 117 | 137 | 144 | 143 | 168 | 100 | 86 | 85 | 148 | 129 |
| ВАДЕНИ ЗАБИ НА 1 ТЕРАПЕУТ | 881 | 547 | 666 | 655 | 688 | 731 | 882 | 804 | 766 | 808 | 728 |
| ЛЕК. МЕКИ ДЕЛОВИ НА 1 ТЕР. | 297 | 164 | 190 | 214 | 152 | 161 | 172 | 182 | 179 | 194 | 172 |

Во табела 3. е даден преглед на извршените услуги по еден терапеут во периодот од 1971 до 1980 година.

ТАБЕЛА 4 ОДНОС НА ПЛОМБИРАНИ ЗАБИ СПРЕМА ОСТАНАТИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ

| ГОДИНА | 1971 | 1972 | 1973 | 1974 | 1975 | 1976 | 1977 | 1978 | 1979 | 1980 | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЛОМБИ | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 |
| ВАДЕНИ ЗАБИ | 1.2 | 1.1 | 1.0 | 0.9 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 |
| ЛЕКУВАНИ ЗАБИ | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.2 |
| ЛЕК. МЕКИ ДЕЛОВИ | 0.4 | 0.3 | 0.3 | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 | 0.2 |

Од табела 4. се гледа односот на пломбираните заби спрема другите интервенции, изразено во проценти.

најмладата популација, а уште помалку од овој соодност на извадените и пломбираните заби.[2,3]

За ваквиот соодност придонесуваат повеќе фактори: бројот на кадрите, опременоста на стоматолошките ординации, како и отсуството на елементарна здравствена просветеност на најмладите пациенти и нивните родители.[1]

## Заклучок

За подобрување на стоматолошките сознанија како императив се наметнува потребата од воведување во школите на здравствено просветување со предавања од стоматолози, кои би биле и составен дел на наставната програма.
За навремена превентива кај најмладата популација потребно е:

1. зголемување бројот на превентивните стомат. ординации
2. зголемување бројот на специјалистичките кадри
3. систематска санација
4. примена на флуорови препарати
5. забоздравствено просветување

## DEVELOPMENT OF PEDODONTIC PREVENTIVE DENTAL CARE IN THE DENTAL HEALTH SERVICES IN SKOPJE

### Summary

The paper informs that pedodontics and preventive dental care in the Dental Health Services in Skopje during the period 1971–1980 have been promoted. Still, the correlation between tooth fillings and tooth extractions shawn to be 1:1 is not satisfactory, because it should favour tooth fillings.

Encouragement in relation to tooth fillings could be asigned to organized dental health lectures, which in the same time enhance children's dental health education.

## Литература

1. Ц. Баба-Милкић и сарадници – Надокнада изгубљених чврстих ткива на сталним зубима у школске деце. Зборник на трудови од VI-от конгрес на стоматолозите на Југославија, 1976 год. 130 страна.

2. Нечева Љ. – Состојбата на превентивата во СР Македонија – Зборник на трудови од V-от конгрес на стоматолозите на Југославија, 1972 година, 123 стр.

3. П. Стошић – Рехабилитација тежих оштећења органа за жвакање у деце. Зборник на трудови од VI-от конгрес на стоматолозите на Југославија, 1976 година, 104 стр.

4. Тавчиоски И. – 30 години стоматолошка служба во СР Македонија. М.Д., 1977 година.